Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02 и ''Службен весник на РСМ'' бр.202/24), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13, 12/14, 4/22 и 9/23), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА
УРБАНО ПЛАНИРАЊЕ ''Ф'' НА ОПШТИНА
ГАЗИ БАБА ЗА 2025 ГОДИНА**

1. Се објавува Програмата за урбано планирање ''Ф'' на Општина Гази Баба за 2025 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 25 декември 2024 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-6904/19
од 26 декември 2024 година
Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,
Бобан Стефковски, с.р.**

ул.Архимедова бр.2
1000 Скопје, Македонија

ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ

## ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

**Сектор за урбанизам и градежно земјиште**

**Сектор за градежништво, комунални работи и сообраќај**

# ПРОГРАМА

# ЗА УРБАНО ПЛАНИРАЊЕ "Ф" НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2025 ГОДИНА

**Декември, 2024 година**

Врз основа на член 22 став (1) точка 1 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), а во врска со член 40 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на РСМ" бр.32/20, 111/23 и 171/24) и член 95 став (4) од Законот за градежно земјиште ("Службен весник на РМ" бр.15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16, 190/16, "Службен весник на РСМ" бр.275/19 и 233/24), Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15, 209/18 и "Службен весник на РСМ" бр.244/19, 53/21, 77/21, 150/21, 173/22 и 170/24) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на педесет и првата седница одржана на 25 декември 2024 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**

**ЗА УРБАНО ПЛАНИРАЊЕ "Ф" НА
ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2025 ГОДИНА**

## 1. ВОВЕД

**ПРОГРАМАТА ЗА УРБАНО ПЛАНИРАЊЕ "Ф" се состои од следните подпрограми:**

**I. Ф.1 ПОДПРОГРАМА ЗА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ**

**II. Ф.2 ПОДПРОГРАМА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ (тековно- оперативни трошоци)**

**III. Ф.3 ПОДПРОГРАМА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОР ВО РУРАЛНИ ПОДРАЧЈА (тековно- оперативни трошоци)**

**IV. Ф.А ПОДПРОГРАМА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ (капитални трошоци)**

**V. Ф.Д ПОДПРОГРАМА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОР ВО РУРАЛНИ ПОДРАЧЈА (капитални трошоци)**

**ВКУПНИ ПРИХОДИ НА ПРОГРАМАТА ЗА УРБАНО ПЛАНИРАЊЕ "Ф" ПО СИТЕ ОСНОВИ ИЗНЕСУВААТ:**

**ПРИХОДИ:**

| Кате-горија | Ставка | Основна ставка | Потставка | Видови приходи | Износ во денари | Струк-тура % |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **1** | **2** | **3** | **4** | **5** | **6** | **7** |
| | | | | **Вкупни приходи** | | 100% |
| **71** | | | | **Даночни приходи** | | |
| | 717 | | | Даноци на специфични услуги | | |
| | | 7171 | | Комунални даноци | | |
| | | | 717137 | Надоместок за уредување на градежно земјиште | | |
| **73** | | | | **Капитални приходи** | | |
| | 733 | | | Приходи од продажба на земјиште и нематеријални вложувања | | |
| | | 7331 | | Приходи на ЕЛС остварени преку отуѓување и закуп на градежно земјиште сопственост на РМ | | |
| | | | 733132 | Приходи на ЕЛС остварени преку отуѓување и закуп на градеѓно земјиште сопственост на РМ | | |
| | | | 733144 | Надоместок за утврдување на легален статус на бесправно-изградени објекти | | |
| **74** | | | | **Трансфери и донации** | | |
| | 741 | | | Трансфери од други нивои на власта | | |
| | | 7412 | | Капитални трансфери од други нивоа на власта | | |
| | | | 7412 11 | Капитални трансфери од други нивоа на власта | | |
| | 744 | | | Други неданочни приходи | | |
| | | 7441 | | Донации од приватни компании | | |
| | | | 744111 | Тековни донации-претпријатија | | |
| | 743 | | | Дополнителни донации | | |
| | | 7432 | | Дополнителни донации | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | 743211 | Капитални донации | | |

**Овие вкупни приходи се распределуваат во потпрограмите "Ф1. Ф2. Ф3. Ф.А и Ф.Д."**

# I. Ф.1 ПОДПРОГРАМА ЗА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ

## ВОВЕД

Тековно- оперативните трошоци за урбанистичко планирање, се наменети за подготовка на урбанистички планови. За таа цел се донесува Годишна програма за изработка на детални урбанистички планови, урбанистички планови за село, урбанистички планови вон населено место, локални урбанистички плански документации, проекти за инфраструктура.

Со оваа подпрограма се уредува:

1.Извори на финансирање,
2.Пресметување на трошоците за урбанистичко планирање,
3.Динамика на извршување на подпрограмата,
4.Преодни и завршни одредби.

**1.Извори на финансирање:**

Подпрограмата за урбанистичко планирање се финансира од следните извори на средства:

**ПРИХОДИ**

Во ставката приходи спаѓа надоместок за уредување на градежно земјиште(дел), приходи од продажба на земјиште и нематеријални вложувања и надоместок за утврдување на легален статус на бесправно- изградени објекти.

| Кат. | Став-ка | Осн. ставка | Подс-тавка | Оддел | Видови на расходи | Износ во денари | Структура % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | |
| | **Вкупни приходи** | | | | | **6.800.000** | |

**2.Пресметување на трошоците за урбанистичко планирање**

Расходите за реализација, според намената и по поедини видови елементи на Општината се:

**РАСХОДИ**

Во ставката расходи спаѓаат договорни услуги, услуги за животна средина и планирање, како и изработка на урбанистички планови

**Вкупни расходи: 6.800.000 денари**

**Стоки и услуги:**

**Договорни услуги:**

**Услуги за животна средина и планирање:**

Изработка на урбанистички планови: 50.000 денари

Изработка на урбанистички планови по редовна постапка: 50.000 денари

Трошоци за изработка на урбанистички проекти: 50.000 денари

Трошоци за изработка на ревизија на планови и урбанистички проекти: 50.000 денари

Геодетски услуги: 2.500.000 денари

Трошоци за надградба и тековно одржување на постоечки ARCGIS софтвер 1.500.000 денари

Надградба на систем за водење на регистар за бесправно изградени објекти 500.000 денари

Други договорни услуги:

Научно истражување (вклучувајќи статистичко истражување), фиизбилити студии, конкурсни решенија, конзерваторски основи, услови за планирање и сл.: 700.000 денари

Проценители за експропиријација: 400.000 денари

Други договорни услуги
( Ангажирани лица и Комисии формирани согласно Закон): 1.000.000 денари

| | | |
|---|---|---|
| Изработка на урбанистички планови по редовна постапка | **Детални урбанистички планови:** | |
| | 1 | СИ 01 |
| | 2 | СИ 02 |
| | 3 | СИ 03 |
| | 4 | СИ 04 |
| | 5 | СИ 05 |
| | 6 | СИ 06 |
| | 7 | СИ 07 |
| | 8 | СИ 08 |
| | 9 | СИ 09 |
| | 10 | СИ 10 |
| | 11 | СИ 11 |
| | 12 | СИ 12 |
| | 13 | С17 |
| | 14 | С 18 |
| | 15 | С 19 |
| | 16 | С 20 |
| | 17 | С 21 |
| | 18 | С 22 |
| | 19 | С 23 |
| | 20 | С 26 |
| | 21 | ССИ 07 |
| | 22 | ССИ 08 |
| | 23 | ССИ 09 |
| | 24 | ЦС 09 |
| | 25 | ЦС10 |
| | 26 | ЦС11 |
| | 27 | ЦС 12 |
| | **Урбанистички планови за село на територијата на Општина Гази Баба** | |
| | 28 | УП за с. Трубарево Р=1: 1000, 1:2500 |
| | 29 | УП за с. Гоце Делчев Р=1: 1000, 1:2500 |
| | 30 | УП за с. Јурумлери Р=1: 1000 |
| | 31 | УП за с. Колонија Идризово Р=1: 1000, 1:2500 |
| | 32 | УП за с. Идризово Р=1: 1000,1:2500 |

| | | |
|---|---|---|
| | 33 | УП за с. Синѓелиќ Р=1: 1000,1:2500 |
| | 34 | УП за с. Стајковци Р=1: 1000, 1:2500 |
| | 35 | УП за с. Инџиково Р=1: 1000,1:2500 |
| | 36 | УП за с. Булачани Р=1: 1000 Р=1:2500 |
| | 37 | УП за с. Црешево Р=1: 1000 Р=1:2500 |
| | 38 | УП за с. Виниче Р=1: 1000 Р=1:2500 |
| | 39 | УП за с. Страчинци =1: 1000 Р=1:2500 |
| | 40 | УП за с. Смилковци Р=1: 1000 Р=1:2500 |
| | 41 | УП за с. Брњарци Р=1: 1000 Р=1:2500 |
| | 42 | УП за с. Раштак Р=1: 1000 Р=1:2500 |
| | **Урбанистички планови вон населено место на територијата на Општина Гази Баба** | |
| | 43 | и дополнување на УПВНМ СРЦ Гази Баба, блок 1- Општина Гази Баба-Скопје |
| | 44 | Општи акти за селата во ОГБ |
| | 45 | Програма за приоритетна изработка на урбанистички планови на РМ |
| | 46 | Изменување и дополнување на УПВНМ за изградба на Индустриска зона на локалитет Заобиколница, од клучка Хиподром до клучка Сингелиќ, Блок 17, Општина Гази Баба - Скопје |
| | 47 | Изменување и дополнување на УПВНМ за изградба на Индустриска зона на локалитет Заобиколница, од клучка Хиподром до клучка Сингелиќ, Блок 11 и 12, Општина Гази Баба - Скопје |

**3.Динамика на извршување на подпрограмата**

Динамиката на извршувањето ќе зависи од создадените правни и технички услови, како и од прилиот на средствата од надоместокот за уредување на градежно земјиште и другите средства согласно Буџетот на Општина Гази Баба за 2025 година.

**4.Преодни и завршни одредби**

Реализацијата на подпрограмата ја врши Градоначалникот на Општина Гази Баба, преку Секторот за урбанизам и градежно земјиште и Секторот за градежништво, комунални работи и сообраќај.

## II. Ф.2 ПОДПРОГРАМА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ( тековно оперативни трошоци )

## III. Ф.3 ПОДПРОГРАМА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ВО РУРАЛНИ ПОДРАЧЈА

ПОДПРОГРАМАТА Ф.2 ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ (тековно оперативни трошоци), И ПОДПРОГРАМАТА Ф.3 ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОР ВО РУРАЛНО ПОДРАЧЈЕ, СЕ ФИНАНСИРААТ ОД СЛЕДНИТЕ ИЗВОРИ НА СРЕДСТВА:

**ПЛАНИРАНИ ПРИХОДИ ПО ПОДПРОГРАМАТА Ф.2 и Ф.3**
**П Р И Х О Д И**

| Кат. | Став-ка | Осн. ставка | Подс-тавка | Оддел | Видови на расходи | Износ во денари | Структура % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| | **Вкупни приходи** | | | | | 96.781.462,00 | |
| 73 | Капитални приходи | | | | | 59.174.120,00 | |
| | 733 | Приходи од продажба на земјиште и нематеријални вложувања | | | | 35.061.136,00 | |
| | | 733 | Приходи од продажба на земјиште и нематеријални вложувања | | | 575.875,00 | |
| | | | 733144 | | Надоместок за утврдување на легален статус на бесправно-изградени објекти | 1.970.331,00 | |

**ПЛАНИРАНИ ТРОШОЦИ ПО ПОДПРОГРАМАТА Ф.2 и Ф.3**
**Р А С Х О Д И**

| Кат. | Став-ка | Осн. ставка | Подс-тавка | Оддел | Видови на расходи | Износ во денари | Структура % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| | **Вкупни расходи** | | | | | **550.000** | |
| 42 | Стоки и услуги | | | | | 550.000 | |
| | 425 | Договорни услуги | | | | 0.000 | |
| | | 4259 | Други договорни услуги | | | 0.000 | |
| | | | 4259 20 | Услуги за копирање, печатење и издавање | | 0.000 | |
| | 426 | Други тековни расходи | | | | 550.000 | |
| | | 4269 | Други оперативни расходи | | | 550.000 | |
| | | | 4269 90 | Други оперативни расходи | | 550.000 | |

## IV. Ф.А ПОДПРОГРАМА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ (Капитални трошоци)

Со оваа подпрограма се уредува:

**1.Просторот на уредување,**
**2.Обем на работи за подготвување и расчистување на градежното земјиште,**
**3.Обем и степен на опремување на градежното земјиште,**
**4.Финансирање на подпрограмата**
**5.Пресметување на трошоците за уредување на градежно земјиште,**
**6.Висина на надоместок за уредување на градежното земјиште и негова распределба,**
**7.Начин на распределба на средствата за изградба на инфраструктурата,**
**8.Средства наменети за изработка на документација за градење на инфраструктурни објекти,**
**9.Граници на комплексите за наплата на надоместокот за уредување на градежното земјиште,**
**10.Динамика за извршување на потпрограмата;**

**<u>1.ПРОСТОР НА УРЕДУВАЊЕ</u>**
Како простор, кој е предмет на уредување на градежното земјиште се смета изграденото и неизграденото градежно земјиште на подрачјето на Општина Гази Баба.

**<u>2.ОБЕМ НА РАБОТИ ЗА ПОДГОТВУВАЊЕ И РАСЧИСТУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ</u>**
Под обем на работи за подготвување и расчистување на градежното земјиште за изградба на инфраструктурни објекти се подразбира:

- оформување на геодетска документација,
- извршување на основни геомеханички испитувања,
- решавање на имотно- правните односи,
- расчистување на градежната парцела (селидба, уривање и транспорт).

**<u>3.ОБЕМ И СТЕПЕН НА ОПРЕМУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ</u>**

Наменската употреба на уреденото градежно земјиште во урбаниот дел, како и во населените места и вон населените места на подрачјето на Општина Гази Баба, соодвествува со класите на намени утврдени во Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16 и 134/16; 33/2017 и 86/2018 ), Правилник за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија” бр.32/20; 219/21 и 104/22 ) и важечките урбанистички планови и урбанистичко планска документација.
Градежното земјиште се уредува во обем и степен согласно Правилникот за степенот на уредувањето на градежното земјиште со објекти на комуналната инфраструктура и начинот

на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост, (Сл. весник на РМ бр. 93/2011; 193/16, 72/18 ) и („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.16/22), според деталните урбанистички планови, урбанистичките планови за село, урбанистичките планови вон населено место, општите акти и локалните урбанистички плански документации.
И тоа:
а) објекти за заедничка комунална потрошувачка:

- изградба на јавен пат и други површини согласно урбанистичките планови,
- изградба на секундарна атмосферска канализациона мрежа,
- изградба на јавно осветлување,
- изградба на јавно зеленило,
- изградба на пречистителна станица за отпадни води,

б) објекти за индивидуална комунална потрошувачка:

- изградба на секундарна водоводна мрежа,
- изградба на секундарна фекална канализациона мрежа,

Целосното опремување на градежното земјиште се врши по обезбедувањето на правни претпоставки, технички услови и материјални средства.

**4.ФИНАНСИРАЊЕ НА ПОДПРОГРАМАТА**
Оваа подпрограма се финансира од Буџетот на Општина Гази Баба.

**5.ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ТРОШОЦИТЕ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ**

**5.1. ПЛАНИРАНИ ПРИХОДИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПОДПРОГРАМАТА Ф.А.**

5.2 ПЛАНИРАНИ ТРОШОЦИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПОДПРОГРАМАТА Ф.А. РАСХОДИ ЗА 2025 ГОДИНА

| | A | B | C | D | E | F | G | H | I | J | K | L | M | N | O |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 3 | Категорија | Ставка | Основна ставка | Подставка | Оддел | | Видови на расходи | **БУЏЕТ НА ОГБ ФА** | **РАЗВОЈНИ ПРОГРАМИ** | **БУЏЕТ НА ГРАД СКОПЈЕ** | **БУЏЕТ НА РМ** | **ДОНАЦИЈА** | **СКОПСКИ ПЛАНСКИ РЕГИОН** | **ЕУ ФОНДОВИ** | **КРЕДИТ** |
| 4 | | | | | | | | | **извори на финасирање во МКД** | | | | | | |
| 5 | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 |
| 6 | | | | | | | **ВКУПНИ РАСХОДИ** | | | | | | | | |
| 7 | | | | | | | | | **Вкупно останати расходи** | | | | | | |
| 8–9 | **48** | | | | | | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | **226,582,672.00** | **354,031,081.00** | | | | | | |
| 10 | | **481** | | | | | **Градежни објекти** | | | | | | | | |
| 11 | | | **4812** | | | | | | | | | | | | |
| 12 | | | | **4812 10** | | | **Подготовка на објекти за деловни објекти** | | | | | | | | |
| 13 | | | | | | | | | | | | | | | |
| 14 | | | | | | | | | | | | | | | |
| 15 | | **482** | | | | | **ИЗГРАДБА, РЕВИТАЛИЗАЦИЈА, ОДРЖУВАЊЕ И ПРОЕКТИРАЊЕ НА ОБЈЕКТИ** | **216,582,672.00** | **72,500,000.00** | **0.00** | **228,531,081.00** | **53,000,000.00** | **0.00** | **0.00** | **0.00** |
| 16 | | | **4821** | | | | **Улици, патишта, тротоари, пешачки и велосипедски патеки и слично** | **124,682,672.00** | **42,500,000.00** | **0.00** | **22,069,205.00** | **53,000,000.00** | **0.00** | **0.00** | **0.00** |
| 17 | | | | **4821 10** | | | **Изработка на проекти и ревизија** | **2,000,000.00** | **0.00** | **0.00** | **0.00** | **0.00** | **0.00** | **0.00** | **0.00** |
| 18 | | | | | 1 | | Изработка на проектна техничка документација за улици, паркинзи, пешачки патеки, велосипедски патеки, катни гаражи и слично | 2,000,000.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 |
| 19 | | | | | | 1 | Изработка на проектна техничка документација за улици, паркинзи, пешачки патеки, велосипедски патеки, катни гаражи и слично - во тек | 2,000,000.00 | | | | | | | |
| 20 | | | | **4821 20** | | | **Изградба на улици, патишта, паркинг простори, тротоари,пешачки и велосипедски патеки и слично.** | **51,800,000.00** | **42,500,000.00** | **0.00** | **16,269,205.00** | **53,000,000.00** | **0.00** | **0.00** | **0.00** |
| 21 | | | | | 1 | | Изградба на улици и патишта на територија на Општина Гази Баба | 8,500,000.00 | 0.00 | 0.00 | 16,269,205.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 |
| 22 | | | | | | 1 | Изградба на улици и патишта на територија на Општина Гази Баба (новопроектирана 7.2)- во тек | 6,000,000.00 | | | | | | | |
| 23 | | | | | | 2 | Изградба на потпорен ѕид за новопроектирана улица 7.2 од ДУП за ГЧ ЦС11, Блок 07-во тек | 2,500,000.00 | | | | | | | |
| 24 | | | | | | 3 | Изградба на Новопроектирана ул.1, ГЧ СИ04, Блок 3 | | | | 16,269,205.00 | | | | |
| 25 | | | | | 2 | | Изградба на комунална и сообраќајна инфраструктура | 19,800,000.00 | 42,500,000.00 | 0.00 | 0.00 | 53,000,000.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 |
| 26 | | | | | | 1 | Изградба на сервисни улици со комплетна инфраструктура во комплекс ИСТ ГЕЈТ прва фаза во 2 години | 0.00 | 18,500,000.00 | | | | | | |
| 27 | | | | | | 2 | Изградба на комунална и сообраќајна инфраструктура во Хиподром 2 | 0.00 | 24,000,000.00 | | | 53,000,000.00 | | | |

| | A | B | C | D | E | F | G | H | I | J | K | L | M | N | O |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 28 | | | | | | 3 | Изградба на комунална и сообраќајна инфраструктура | 7,300,000.00 | | | | | | | |
| 29 | | | | | | 4 | Изградба на комунална и сообраќајна инфраструктура-во тек | 12,500,000.00 | | | | | | | |
| 30 | | | | | 3 | | Изградба на паркинг простори, тротоари, пешачки патеки, велосипетски патеки, плоштади, скверови и сл. на територија на Општина Гази Баба | 23,500,000.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 |
| 31 | | | | | | 1 | Изградба, санација на паркинг простори тротоари, пешачки патеки, велосипетски патеки, плоштади, скверови и сл. на територија на Општина Гази Баба | 23,500,000.00 | | | | | | | |
| 32 | | | | **4821 30** | | | **Реконструкција, ревитализација и рехабилитација на улици, патишта, паркинг просотри, пешачки и велосипедски патеки, плоштади и слично** | **70,882,672.00** | **0.00** | **0.00** | **5,800,000.00** | **0.00** | **0.00** | **0.00** | **0.00** |
| 33 | | | | | 1 | | Реконструкција, ревитализација и рехабилитација на улици и патишта на територија на Општина Гази Баба | 60,000,000.00 | 0.00 | 0.00 | 5,800,000.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 |
| 34 | | | | | | 1 | Ревитализација и рехабилитација на улици, патишта, паркинзи и слично | 55,000,000.00 | | | 4,000,000.00 | | | | |
| 35 | | | | | | 2 | Одржување и санација на улици со надградба и крпење на ударни дупки на територија на општина Гази Баба | 3,000,000.00 | | | | | | | |
| 36 | | | | | | 3 | Хоризонтална и вертикална сообраќајна сигнализација (билборди, сообраќајни знаци, улични препреки, бележење на улици и др.) | 2,000,000.00 | | | | | | | |
| 37 | | | | | 2 | | Реконструкција, ревитализација и рехабилитација на паркинг простори пешачки и велосипедски патеки, плоштади и слично на територија на Општина Гази Баба | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 |
| 38 | | | | | | | | | | | | | | | |
| 39 | | | | | 3 | | Зимско одржување на улици за 2 години | 7,000,000.00 | | | 1,800,000.00 | | | | |
| 40 | | | | | 4 | | Одржување на отворени каналски системи | 3,882,672.00 | | | | | | | |
| 41 | | | **4823** | | | | **Пречистителни станици и канализациони системи** | 42,800,000.00 | 13,000,000.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 |
| 42 | | | | **4823 10** | | | **Проектирање** | **3,000,000.00** | **0.00** | **0.00** | **0.00** | **0.00** | **0.00** | **0.00** | **0.00** |
| 43 | | | | | 1 | | Изработка на проектна документација за канализациони и атмосферски системи и пречистителни и препумпни станици и слично | 3,000,000.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 |
| 44 | | | | | | 1 | Изработка на проектна документација за канализациони и атмосферски системи и пречистителни и препумпни станици и слично - во тек | 3,000,000.00 | | | | | | | |
| 45 | | | | **4823 20** | | | **Изградба на канализациони системи** | **10,800,000.00** | **13,000,000.00** | **0.00** | **0.00** | **0.00** | **0.00** | **0.00** | **0.00** |
| 46 | | | | | 1 | | Изградба на фекални канализациони системи на територија на општина Гази баба | 0.00 | 13,000,000.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 |

| | A | B | C | D | E | F | G | H | I | J | K | L | M | N | O |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 47 | | | | | | 1 | Доизградба на фекална канализација во н.м Јурумлери Зона 1 и Зона 2 | | 13,000,000.00 | | | | | | |
| 48 | | | | | 2 | | Изградба на атмосферски канализациони системи | 10,800,000.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 |
| 49 | | | | | | 1 | Изградба на атмосферска канализација на ул. Јодран Поп Јорданов | 10,800,000.00 | | | | | | | |
| 50 | | | | **4823 30** | | | **Реконструкција, ревитализација и рехабилитација на канализациона мрежа** | **29,000,000.00** | **0.00** | **0.00** | **0.00** | **0.00** | **0.00** | **0.00** | **0.00** |
| 51 | | | | | 1 | | Реконструкција, ревитализација и рехабилитација на канализациони мрежи на територија на Општина Гази Баба | 17,000,000.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 |
| 52 | | | | | | 1 | Ревитализација и рехабилитација на канализациони и атмосферски системи - во тек | 3,000,000.00 | | | | | | | |
| 53 | | | | | | 2 | Ревитализација и рехабилитација на канализациони и атмосферски системи | 14,000,000.00 | | | | | | | |
| 54 | | | | | 2 | | Уредување, ревитализација и рехабилитација на каналски системи | 12,000,000.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 |
| 55 | | | | | | 1 | Реконструкција на отворен канал за атмосферски води на ул.6 „Антон Велковски“ втора фаза | 12,000,000.00 | | | | | | | |
| 56 | | | **4827** | | | | **Капацитети за водоснабдување** | **6,000,000.00** | **0.00** | **0.00** | **0.00** | **0.00** | **0.00** | **0.00** | **0.00** |
| 57 | | | | **4827 10** | | | **Проектирање на водоводна мрежа** | **1,000,000.00** | **0.00** | **0.00** | **0.00** | **0.00** | **0.00** | **0.00** | **0.00** |
| 58 | | | | | 1 | | Проектирање на водоводна мрежа | 1,000,000.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 |
| 59 | | | | | | 1 | Изработка на техничка документација за водоводни системи (примарна и секундарна мрежа, резервоари, пумпни станици и слично)- во тек | 1,000,000.00 | | | | | | | |
| 60 | | | | **4827 20** | | | **Изградба на водоводни системи (примарна и секундарна мрежа, резервоари, пумпни станици и слично)** | **3,000,000.00** | **0.00** | **0.00** | **0.00** | **0.00** | **0.00** | **0.00** | **0.00** |
| 61 | | | | | 1 | | Изградба на водоводни системи (примарна и секундарна мрежа, резервоари, пумпни станици и слично) | 3,000,000.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 |
| 62 | | | | | | 1 | Изградба на водоводни системи (примарна и секундарна мрежа, резервоари, пумпни станици и слично) | 3,000,000.00 | | | | | | | |
| 63 | | | | **4827 30** | | | **Реконструкција, ревитализација и рехабилитација на водоводни системи (примарна и секундарна мрежа, резервоари, пумпни станици и слично)** | **2,000,000.00** | **0.00** | **0.00** | **0.00** | **0.00** | **0.00** | **0.00** | **0.00** |
| 64 | | | | | 1 | | Реконструкција, ревитализација и рехабилитација на водоводни системи (примарна и секундарна мрежа, резервоари, пумпни станици и слично) | 2,000,000.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 |
| 65 | | | | | | 1 | Ревитализација на водоводни системи (примарна и секундарна мрежа, резервоари, пумпни станици и слично) | 2,000,000.00 | | | | | | | |
| 66 | | | **4829** | | | | **Изработка на проекти и изградба на други објекти** | **43,100,000.00** | **17,000,000.00** | **0.00** | **206,461,876.00** | **0.00** | **0.00** | **0.00** | **0.00** |
| 67 | | | | 4829 | | | **Проекти** | **7,000,000.00** | **0.00** | **0.00** | **0.00** | **0.00** | **0.00** | **0.00** | **0.00** |

| | A | B | C | D | E | F | G | H | I | J | K | L | M | N | O |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 68 | | | | | 1 | | Изработка на проектна техничка документација за други објекти (училишта, градинки, доградби и надградби, спортски сали, игралишта, огради, паркинг простори, плоштади и слично) на територијата на Општина Гази Баба | 7,000,000.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 |
| 69 | | | | | | 1 | Изработка на техничка документација на други објекти (детски градинки, училишни сали, спортски центри и сл.) на територија на Општина Гази Баба- во тек | 1,000,000.00 | | | | | | | |
| 70 | | | | | | 2 | Изработка на техничка документација на други објекти (детски градинки, училишни сали, спортски центри и сл.) на територија на Општина Гази Баба | 3,000,000.00 | | | | | | | |
| 71 | | | | | | 3 | Елаборати за геомеханички истражувања | 1,000,000.00 | | | | | | | |
| 72 | | | | | | 4 | Ревизија на проекти | 2,000,000.00 | | | | | | | |
| 73 | | | | 4829 20 | | | **Изградба на други објекти** | **18,000,000.00** | **17,000,000.00** | **0.00** | **118,947,105.00** | **0.00** | **0.00** | **0.00** | **0.00** |
| 74 | | | | | 1 | | Изградба на објекти на општината (училишта, градинки, доградби и надградби,спортски сали, игралишта, оградување, паркинг простори и слично) на територијата на Општина Гази Баба | 0.00 | 17,000,000.00 | 0.00 | 118,947,105.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 |
| 75 | | | | | | 1 | Изградба на детска градинка во н.м. Трубарево II фаза | | 17,000,000.00 | | | | | | |
| 76 | | | | | | 2 | Изградба на ново основно училиште „Крсте Мисирков“ | | 0.00 | | 45,000,000.00 | | | | |
| 77 | | | | | | 3 | Изградба на детска градинка во н.м. Инџиково | | | | 47,508,811.00 | | | | |
| 78 | | | | | | 4 | Изградба на фискултурна сала во ООУ Наум Охридски, н.м. Цршево | | 0.00 | | 26,438,294.00 | | | | |
| 79 | | | | | 2 | | Изградба на детски и спортски игралишта, фитнес зони, урбана опрема и слично на територија на општина Гази Баба | 9,000,000.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 |
| 80 | | | | | | 1 | Изградба на спортски, детско-забавни игралишта и поставување на урбана опрема на територија на ОГБ | 7,000,000.00 | | | | | | | |
| 81 | | | | | | 3 | Изградба на подземни контејнери | 2,000,000.00 | | | | | | | |
| 82 | | | | | 3 | | Вршење на стручен надзор над изведбата на територија на Општина Гази Баба | 9,000,000.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 |
| 83 | | | | | | 1 | Вршење на стручен надзор над изградба и ревитализација на објекти од патна и хидротехничка инфраструктура, објекти од високоградбата, спортски детски игралишта, градежно занаетчиски работи и сл. - во тек | 4,000,000.00 | | | | | | | |
| 84 | | | | | | 2 | Вршење на стручен надзор над изградба на детски градинки и основни училишта- во тек | 1,500,000.00 | | | | | | | |
| 85 | | | | | | 3 | Вршење на стручен надзор над изградба на објекти од високоградба | 3,500,000.00 | | | | | | | |
| 86 | | | | **4829 30** | | | **Реконструкција / Ревитализација на други објекти** | **18,100,000.00** | **0.00** | **0.00** | **87,514,771.00** | **0.00** | **0.00** | **0.00** | **0.00** |

| | A | B | C | D | E | F | G | H | I | J | K | L | M | N | O |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 87 | | | | | 1 | | Реконструкција на објекти на општината (училишта, градинки, спортски сали, игралишта, огради, паркинг простори, градежно занаетчиски работи и слично) на територијата на Општина Гази Баба | 3,600,000.00 | 0.00 | 0.00 | 87,514,771.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 |
| 88 | | | | | | 1 | Изведба на градежно-занаетчиски работи за подобрување на условите во објекти сопственост на ОГБ (месни заедници, училишта, градинки и други објекти) | 2,000,000.00 | | | | | | | |
| 89 | | | | | | 2 | Реконструкција на Дом на култура „11 Октомври" - Ченто | | | | 87,514,771.00 | | | | |
| 90 | | | | | | 3 | Реконструкција/замена на котлара и грејни инсталации во ОГБ | 1,600,000.00 | | | | | | | |
| 91 | | | | | 2 | | Ревитализација на детски и спортски игралишта, фитнес зони, урбана опрема, градежно занаетчиски работи и слично | 14,500,000.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 |
| 92 | | | | | | 1 | Ревитализација на детски забавни паркчиња, мини спортски игралишта и јавни површини | 4,000,000.00 | | | | | | | |
| 93 | | | | | | 2 | Ревитализација и промена на спортски игралишта со вештачка трева | 4,000,000.00 | | | | | | | |
| 94 | | | | | | 3 | Ревитализација на игралишта со тартан подлога | 5,000,000.00 | | | | | | | |
| 95 | | | | | | 4 | Ревитализација на игралишта и поставување на фитнес зони | 1,500,000.00 | | | | | | | |
| 96<br>97 | | **485** | | | **Не материјални трошоци откуп на земјиште** | | | **10,000,000.00** | **0.00** | **0.00** | **0.00** | **0.00** | **0.00** | **0.00** | **0.00** |
| 98 | | | **4854** | | **Не материјални трошоци откуп на земјиште** | | | **10,000,000.00** | | | | | | | |
| 99 | | | | 4854 10 | 1 | | Откуп на земјиште (експропријација) | 10,000,000.00 | | | | | | | |
| 100 | | | | 4854 20 | 2 | | Надомест -обештетување на лица или правни субјекти за имот и ограничување на правото на сопственост при реализација на објекти од комунална и патна инфраструктура | 0.00 | | | | | | | |

## 5.2 ПЛАНИРАНИ ТРОШОЦИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПОДПРОГРАМАТА Ф.А. РАСХОДИ

**5.3 Трошоците за уредување на градежното земјиште опфаќаат**: трошоци за изградба на инфраструктурни објекти за заедничка комунална потрошувачка; трошоци за изградба на инфраструктурни објекти за индивидуална комунална потрошувачка и трошоци за подготвување и расчистување.

а) Трошоците за изградба на инфраструктурни објекти за заедничка комунална потрошувачка опфаќаат: трошоци за расчистување на градежното земјиште, за проектирање и изградба на објекти од секундарната комунална инфраструктура за заедничка потрошувачка (основни комуналии и пречистителна станица) и се во зависност од погодноста-бонитетот на локалитетот (комплекс), каде се гради или е изграден станбен, деловен или друг простор.

б) Трошоците за изградба на инфраструктурни објекти за индивидуална комунална потрошувачка опфаќаат: трошоци за расчистување на градежното земјиште, за проектирање и изградба на објекти од секундарната комунална инфраструктура за индивидуална потрошувачка.

в) Трошоците за подготвување и расчистување: трошоци за тековно расчистување и трошоци за опремување на градежно земјиште и за преместување на постојни објекти од комунална инфраструктура.

в.1) Трошоците за тековно расчистување на конкретната градежна парцела што паѓаат на товар на општината ги опфаќаат надоместоците за потполна експропријација и за службеност што се определуваат согласно Законот за експропријација („Службен весник на Република Македонија“ број 95/12, 131/12, 24/13, 27/14, 104/15, 192/15, 23/16 и 178/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 122/21 и 11/23) и Законот за процена (Службен весник на РМ бр. 115/2010, 158/2011, 185/2011, 64/2012, 188/14, 104/15, 153/15, 192/15 и 30/16).

в.2) Трошоците за опремување на градежно земјиште, надвор од градежната парцела, се пресметуваат со претпоставени количини и тековни цени, според приложениот проект за изградба на објекти од комунална инфраструктура.

в.3)Трошоците за преместување на постојни објекти од комунална инфраструктура, ги сноси инвеститорот.

Изградените објекти од секундарната комуналната инфраструктура во случај кога е невозможно нивно преместување, а кои остануваат во границите на градежната парцела на инвеститорот или под објектите што се градат, мора да бидат заштитени. Инвеститорот е должен, пред отпочнување со изградба на објектот во својата градежна парцела, да побара писмена согласност од Општина Гази Баба за заштита на тие објекти. Трошоците за заштита на објектите ги сноси инвеститорот.

5.4. Инвеститорот е должен да обезбеди и достави хидротехнички услови за приклучување на објектот на соодветната мрежа за индивидуална потрошувачка.

Средствата потребни за обезбедување на приклучоци на водоводна и фекална канализациона мрежа до изведена шахта се остваруваат од надоместок за приклучување што го утврдува давателот на услугата Ј.П.„Водовод и канализација“ – Скопје, согласно член 7 од Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води (Службен весник на РМ бр.68/2004, 28/2006, 103/2008, 17/2011, 54/2011, 163/2013, 10/2015, 147/2015 и 31/2016).

Ј.П. „Водовод и канализација“ - Скопје заедно со хидротехничките услови доставува и вкупен износ на реалните трошоци на целосната изведба на мрежите согласно законската регулатива.

За дополнително добиена согласност за приклучување на мрежи од индивидуална потрошувачка надоместокот ќе се регулира со анекс-договор, и ќе се пресметува по цени кои важат во моментот на склучувањето на анекс-договорот.

При склучен договор за уредување на градежното земјиште, доколку комуналното претпријатие, односно акционерското друштво изврши измена во техничкото решение за веќе дадена согласност за изградба на комунална инфраструктура, истото заедно со инвеститорот се должни да ги сносат трошоците за проектирање и изградба на истата. Претходно направените трошоци, комуналното претпријатие односно акционерското друштво и инвеститорот, се должни да му ги надоместат на Општина Гази Баба.

## 6. ВИСИНА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ И НЕГОВА РАСПРЕДЕЛБА

6.1 Надоместок

За уредување на градежно земјиште се плаќа надоместок за уредување на градежното земјиште (во понатамошен текст: надоместок).

Висината на надоместокот се регулира со договор за уредување на градежното земјиште што инвеститорот го склучува со Општина Гази Баба за инфраструктура од значење за општината утврдена со УП.

Договорот склучува во електронска и писмена форма.

Висината на надоместокот се определува според основица со состојба на ден 01.01.2023 год. изразена во денари/м$^2$ нето изградена површина.

Основицата од претходниот став месечно се усогласува со промената на индексот на цени на мало, објавен од Државниот завод за статистика. За месеците за кои не е објавен индексот на цени на мало, ќе се применува последниот објавен индекс.

Надоместокот може да се плаќа на 12 (дванаесет) месечни рати, доколку износот е над 100.000,оо денари за физички лица и над 1.000.000,оо денари за правни лица. Првата рата во висина од 30% до 50% од износот на надоместокот се плаќа веднаш, а за остатокот до 11 (единаесет) еднакви месечни рати, инвеститорот е должен кај надлежниот општински орган за финансии да достави банкарска гаранција.

Висината на надоместокот се пресметува во единствен износ за Градот Скопје и општината и истата претставува збир на висината на трошоците од точките 1, 2 и 3 од оваа глава и тоа:

### 6.2 Висина на надоместокот за уредување на градежното земјиште во урбаниот дел на Општина Гази Баба

**6.2.1.Трошоци за заедничка комунална потрошувачка**

Висината на трошоците за изградба на инфраструктурни објекти за заедничка комунална потрошувачка се утврдува како процентуален дел од основицата и е дадена во следниот табеларен преглед:

| КОМПЛЕКСИ | | Основни комуналии + пречистителна станица (1%) | Погодност - бонитет на локалитетот (комплекс) | |
|---|---|---|---|---|
| | | | станбен простор | деловен или друг простор |
| 1 | | 2 | 3 | 4 |
| 1. | ДЕЛ -1 | 22% | 4% | 10% |
| 2. | ДЕЛ -2 | 20% | 2% | 8% |
| 3. | ДЕЛ -3 | 18% | 1,5% | 4% |
| 4. | ДЕЛ -4 | 16% | 1% | 2% |

**6.2.2. Трошоци за индивидуална комунална потрошувачка**

а) Висината на трошоците за изградба на инфраструктурни објекти за индивидуална комунална потрошувачка се утврдува како процентуален дел од утврдената основица и тоа за:

- Водоводна мрежа-----------------------------------------1,50 %
- Фекална канализациона мрежа----------------------1,50 %

Доколку во основниот договор е пресметан и надоместок за топлификациона мрежа, при склучување анекс-договор за разликата на површина на објектот, овој надоместок ќе се пресмета во висина од 3,2о % од утврдената основица, на денот на склучување на истиот

Доколку во основниот договор е пресметан и надоместок за ниско-напонска електрична мрежа, при склучување анекс-договор за разликата на површина на објектот, овој надоместок ќе се пресмета во висина од 2,3о % од утврдената основица, на денот на склучување на истиот.

**6.2.3.Трошоци за поранешно расчистување**

Во висината на надоместокот се пресметуваат и трошоците што инвеститорот (сопственикот) е должен да ги надомести за поранешно расчистување на градежната парцела пресметани во реален износ и по тековни цени.

Трошоците за поранешно расчистување на конкретна градежна парцела, исплатени од општината опфаќаат:

- надомест за одземено земјиште и за експроприрана недвижност, што е исплатен;
- трошоци за селидба, уривање на експроприраните, како и евентуални трошоци за расчистување и санација на теренот на конкретната градежна парцела;
- дополнително утврдените трошоци направени во претходниот период за расчистување на конкретна градежна парцела кои не се опфатени со основниот договор и не се регулирани со анекс-договор.

Во трошоци за расчистување на градежна парцела не се пресметува вредноста на општествените станови, направените трошоци за тековното одржување и доведување во исправна состојба на становите, односно деловниот простор, дадени за раселување на поранешните сопственици или станари.

**6.2.4.Распределба и начин на плаќање**

Надоместокот се распределува во следниот соодност:
-60% за Град Скопје за изградба на инфраструктура од значење за Град Скопје утврдена со ГУП и
-40% за Општина Гази Баба за изградба на секундарна инфраструктура утврдена со ДУП,

**6.3 Висина на надоместокот за уредување на градежното земјиште во населените места и вон населените места на Општина Гази Баба**

Инвеститорите на станбени, јавни, деловни, стопански, производни и други објекти во атарите на населените места на територијата на Општина Гази Баба ќе плаќаат надоместок за подготвителни работи во уредувањето на градежното земјиште во износ дадено во табелата во евра (во денарска противвредност).

| | Вид на објект | Прва зона | Втора зона | Трета зона |
|---|---|---|---|---|
| 1 | **Станбени објекти** | **15 евра** | **10 евра** | **5 евра** |
| 2 | **Деловни, јавни и производни објекти; Енергетски градби ( Г-1.9; Г-3.7; Е-3.1; Е-1.13; Г-2.8, Г-1.1; Г-1.4; Г-1.2; Г-1.5; Г-1.6 и Г-1.3 ) и Земјоделски згради** | **30 евра** | **15 евра** | **10 евра** |
| 3 | **Индустриски згради од лесна и преработувачка индустрија**<br><br>**Г2- Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија и помалку загадувачки постројки за производство на енергија**<br>**Г3 – Индустрија за склопување на финални производи, сервисни услуги**<br>**Г4 – Стоваришта, складови и отпади** | **3000 евра** | **1500 евра** | **1000 евра** |

Вредностите од табеларниот преглед, точка 1-3 се пресметуваа согласно Правилникот за степенот на уредувањето на градежното земјиште со објекти на комуналната инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост, (Сл. весник на РМ бр. 93/2011; 193/16, 72/18 ) и („Службен весник на Република Северна Македонија” бр.16/22) и неговите измени.
Во однос на вредностите од точка 3, при идна пресметка на надоместок, зададента вредност се множи со коефициент 0, 01.

Средствата ќе се користат за изработка на урбанистички планови, изработка на техничка документација за градба на инфраструктура,водење на постапки за обезбедување на средства за градба на инфраструктура итн.
Надоместокот од населените места се 100% за Општина Гази Баба за изградба на инфраструктура согласно урбанистичка документација.

Надоместокот за уредување на градежно земјиште за делот од Општина Гази Баба, може да се плаќа на рати, со согласност од Општината за што сопственикот на градежната парцела е должен да достави банкарска гаранција или залог (хипотека) на недвижен имот.

### 6.4 ДОПОЛНИТЕЛНИ ОДРЕДБИ ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ

За расчистувањето на градежни парцели за изградба на објекти од основна и секундарна комунална инфраструктура за заедничка и индивидуалната комунална потрошувачка, за проектирање и изградба на тие објектите и за уредувањето на заедничкиот градски простор, се наплатува надоместок на ниво на Град, врз основица изразена во денари/м$^2$ нето изградена површина, и согласно Правилникот за степенот на уредувањето на градежното земјиште со објекти на комуналната инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост, (Сл. весник на РМ бр. 93/2011; 193/16, 72/18 ) и („Службен весник на Република Северна Македонија” бр.16/22), Правилникот за стандарди и нормативи за проектирање (“Службен весник на РМ” бр. 60/2012, 29/15, 32/16, 114/16) и („Службен весник на Република Северна Македонија” бр.211/20, 183/23 и 178/2024) Законот за просторно и урбанистичко планирање (″Службен весник на РМ″ бр. (Сл. весник на РМ 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16 и 64/18 ) и Закон за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија” бр.32/20, 111/23 и 171/2024).

За секој вид на простор што не е опфатен со одредбите на Правилниците од претходната алинеа, надоместокот ќе се пресметува по аналогија како за просторот опфатен со Правилниците;

Ако потпокривниот простор се изведува во повеќе нивоа, надоместокот со коефициент 0,2 се применува само за последното ниво сметано оддолу нагоре;

При пренамена од станбен во деловен простор еднократно се доплаќа разлика до висина на надоместокот за уредување на градежно земјиште за деловен простор. Разликата се утврдува според табелата за погодност-бонитет на локалитетот (комплексот), и не се враќа за пренамена од деловен во станбен простор.

За пренамена од деловен во станбен простор не се враќа разликата во платениот надоместок.

За објекти за кои до 01.01.1997 год. (ден на примената на првиот Закон за Градот Скопје од 1996 год.) се склучени договори за надоместок, врз основа на услови за градба кои во меѓувреме се поништени, а е издадена нова заверена проектна документација, ново настанатите односи ќе се регулираат со анекс-договор кон основниот договор помеѓу Општина Гази Баба и инвеститорот. Инвеститорот е должен да достави документ, дека во предходниот период документацијата му била поништена или не е издадено одобрение за градење.

Доколку инвеститорот нема одобрение за градење, а изградил објект и има доказ за платен надоместок (договор и проект со урбанистичка согласност) површината се признава. Доколку објектот не е отпочнат со градба или не е изграден, а на одобрението за градење е измината важноста, површината не се признава.

Доколку земјиштето не е изложено, поточно инвеститорот има поседовен лист за изграден објект за признавање на постојна површина потребно е да достави договор за платен надоместок, проект со урбанистичка согласност и одобрение за градење.

Доколку на една градежна парцела покрај предвидениот објект со ДУП веќе постојат објекти, кои со ДУП се негираат, инвеститорот е должен да ги урне, во рок од две години од денот на издавањето на одобрението за градење на објектот планиран со ДУП.

Инвеститорот е должен да достави до Градот Скопје одобрение за градење во рок од 60 (шеесет) дена од денот на склучувањето на договорот за регулирање на надоместокот. Доколку инвеститорот не прибави одобрение за градење во претходно наведениот рок, договорот престанува да важи (во делот за начинот на пресметување на површината). Платениот износ на надоместокот, на барање на инвеститорот може да му се врати како паричен износ во номинална вредност, или да му се пресмета на ист начин, при повторно барање за пресметување на надоместокот.

Ако инвеститорот изгради поголема површина од договорената, должен е за разликата во површина која е во согласност со постојниот ДУП, да склучи договор.

Кога градежното земјиште делумно се уредува или воопшто не се уредува, инвеститорот на земјиштето плаќа надоместок до висината на трошоците за делумно уредување на земјиштето-делумен надоместок или воопшто не плаќа надоместок од индивидуална комунална потрошувачка. Во овие случаи, задолжително се плаќа надоместокот за уредување на градежно земјиште што се однесува на заедничка комунална потрошувачка

Површината на објектот што е урнат или ќе се урива, се намалува од пресметаната развиена површина на објектот што се гради, по истите норми по кои е пресметана површината при склучувањето на договорот за регулирање на надоместокот, за новоизградениот објект.

За површината на објектот што е урнат или се урива, се пресметуваат трошоците за опремување со објекти од заедничка и индивидуалната комунална потрошувачка што ја користел објектот-предмет на уривање.

За расчистување на објекти кои се урнати или се уриваат, а се наоѓаат делумно на градежна парцела за градба на објекти од јавен интерес (улици, тротоари и сл.), а делумно на градежна парцела на сопственикот, сопственикот го сноси само делот од трошоците за објекти што се лоцирани на неговата градежната парцела.

## 7. НАЧИН НА РАСПРЕДЕЛБА НА СРЕДСТВАТА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ ИЗГРАДБА НА ИНФРАСТРУКТУРНИ ОБЈЕКТИ

Трошоците за уредување на градежно земјиште, ги плаќа 100% Градот Скопје за изградба на основните инфраструктурни објекти (за собирни, магистрални улици и други примарни инфраструктурни објекти) и 100% Општината за секундарни инфраструктурни објекти (станбени, сервисни улици и други секундарни инфраструктурни објекти) со едно приклучно место од инфраструктурните мрежи до една градежна парцела односно објект.
За објекти за кои договорите за надоместок за уредување на градежно земјиште се склучени до 31.12.2006 година, изведбата на инфраструктурните објекти ќе се финансира 60% Градот и 40% Општината, независно дали се изведуваат примарни или секундарни инфраструктурни објекти.

- Кога градежното земјиште е уредено со изградена основна инфраструктурна мрежа, а за локалитетот каде се наоѓа градежната парцела нема донесено ДУП или земјиштето не е уредено а има донесено ДУП и не е целосно изградена инфраструктурата, доколку корисникот инсистира сам да ја гради секундарната инфраструктурна мрежа, согласно оверена техничка документација за градење на инфраструктурните објекти со свои средства, должен е на Градот и Општината да им ги надомести порано направените трошоци во висина од 33% од надоместокот одреден во точка **6.2.1. и 6.2.2,** да овозможи приклучување на идните корисници на земјиштето на инфраструктурните мрежи без да му платат надомест за инфраструктурната мрежа што ќе ја гради сам; да биде технички примена од соодветно комунално претпријатие или областени субјекти и да ја предаде на Градот Скопје и Општината без надомест.
- Трошоците за опремување и изградба на објекти од комунална инфраструктура надвор од градежната парцела и трошоците за преместување на објекти од комунална инфраструктура за заедничка и индивидуална комунална потрошувачка, што корисникот ги извел или изведува самоиницијативно без учество на Градот и Општината, а пред склучување договори за регулирање на надоместокот и договор за изведување на објекти од комунална инфраструктура од страна на локалната самоуправа, не се признаваат, освен за локалитети каде биле безправно изградени објекти, а со донесување на нови детални урбанистички планови, истите се вклопуваат.
- За овие локалитети, мора да има исправна техничка документација за изградени објекти од инфраструктура, заверена од надлежен орган и изградените инфраструктурни мрежи да се примени од јавните комунални претпријатија и други овластени субјекти. Притоа се признаваат само трошоците – делот од надоместокот за изградената инфраструктурна мрежа од индивидуална комунална потрошувачка.
- Оваа изградена инфраструктурна мрежа се предава на Градот и Општината, со што се овозможува приклучување на нови корисници кои надоместокот го плаќаат на Градот и Општината, со што се овозможува приклучување на нови корисчци кои надоместокот го плаќаат на Градот и Општината.
- Во изградбата на инфраструктурни објекти и мрежи, каде наплатениот надоместок е недоволен за локалитети каде не е изградена инфраструктурната мрежа, Градот и Општината договорно ќе го решат конечното затворање на финансиската конструкција за пуштање на објектите во употреба.
- Градот и Општината со акт ги отстапуваат објектите од комуналната инфраструктура на субјектите кои стопанисуваат со нив, со понатамошна обврска да ги одржуваат.
- При регулирање на надоместокот корисникот е должен во целост да го измири надоместокот за индивидуална потрошувачка, за приклучување на изградената инфраструктура после формирањето на Фондот за комунално уредување на градежно земјиште (доколку се докаже со документација дека истиот го регулирал).
- Трошоците за приклучување на водоводна, фекална и атмосферска канализациона мрежа, да се регулираат договорно помеѓу Ј.П. ″Водовод и канализација″ и корисникот, за делот од приклучувањето од приклучната шахта во градежната парцела од корисникот – до приклучното место на уличните инфраструктурни мрежи наведени во

хидротехничките услови издадени од Ј.П. ″Водовод и канализација″. Корисникот може да избере изведувач на работите со задолжителен надзор на извршување на работите и примање од страна на Ј.П. ″Водовод и канализација″.

- Приклучувањето на уличната мрежа, испораката на вода, електрична енергија и топловодно греење, се врши со исполнување на договорните обврски од страна на корисникот и Градот Скопје и Општината.
- Ако корисникот се приклучи на изградена комунална инфраструктура од индивидуална потрошувачка, без согласност на Градот Скопје и Општината, Градот и Општината нема да дадат налог за испораките наведени во претходниот став, до договорното регулирање на обврските помеѓу Градот и Општината и корисникот.
- Корисникот е должен пред барањето за испорака на вода, електрична енергија и топловодно греење, да овозможи Комисија од Градот и Општината да ја утврди дефинитивно изградената површина. За дефинитивно утврдената површина, правата и обврските се уредуваат со Анекс–договор.

**8. СРЕДСТВА НАМЕНЕТИ ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ И ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ГРАДЕЊЕ НА ИНФРАСТРУКТУРНИ ОБЈЕКТИ**

Општина Гази Баба ја финансира изработката на урбанистичките планови и задачите планирани согласно Програмата Ф.

**9. ГРАНИЦИ НА КОМПЛЕКСИТЕ И ЗОНИТЕ ЗА НАПЛАТА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ**

**9.1 Граници на комплексите и зоните за наплата на надоместокот за уредување на градежно земјиште во урбаниот дел на Општина Гази Баба**

Надоместокот се наплатува по комплекси на градежното земјиште зависно од подобностите што одреденото земјиште му ги дава на инвеститорот, местоположбата на земјиштето во населбата и градот, сообраќајната поврзаност со центарот на градот и опременоста на градежното земјиште со комунални објекти за заедничка и индивидуална комунална потрошувачка.

**Комплексите се утврдени со следните граници:**

**КОМПЛЕКС-1**

ДЕЛ-1 (Општина Гази Баба)

Подрачјето за овој комплекс се состои од следните градски четврти: ССИ 08, ССИ 09, ЦС 09, ЦС 10, ЦС 11 и ЦС 12, каде завршува описот на комплекс-1 за Општина Гази Баба.

**КОМПЛЕКС-2**

ДЕЛ-2- (Општина Гази Баба)

Подрачјето за овој комплекс се состои од следните градски четврти: ССИ 07, С 17, С 18 и С 26, каде завршува описот на комплекс-2 за Општина Гази Баба.

**КОМПЛЕКС-3**

ДЕЛ-3- (Општина Гази Баба)

Подрачјето за овој комплекс се состои од следните градски четврти: С 19, С 20, С 23, СИ 01, СИ 02, СИ 03, СИ 04, СИ 05, СИ 06, СИ 07 и СИ 10, каде завршува описот на комплекс-3 за Општина Гази Баба.

**КОМПЛЕКС-4**

ДЕЛ-4 - (Општина Гази Баба)

Подрачјето за овој комплекс се состои од следните градски четврти: С 21 и С22 – нас. Ченто, кака и СИ 08, СИ 09, СИ 11 и СИ 12 – с. Маџари, каде завршува описот на комплекс-4- за Општина Гази Баба.

**Границите на комплексите одат по дефинираните градски четврти како и административните граници на општините во ГУП со кои се одредува комплексот.**
**9.2. Границите на зоните за наплата на надоместокот за уредување на градежно земјите во населените и вон населените места на Општина Гази Баба** се одредени со следните опфати:

**Зоните се утврдени со следните опфати:**
**I Зона** ѓи опфаќа:
-планските опфати дефинирани со урбанистички планови вон населено место покрај Заобиколницата, планските опфати дефинирани со урбанистичките планови за населените места Инџиково, Стајковци и Синѓелиќ.
**II Зона** ѓи опфаќа:
-планските опфати дефинирани со Урбанистички планови за село, урбанистички планови вон населено место во Општина Гази Баба, за населените места: Трубарево, Гоце Делчев, Јурумлери, Идризово, Колонија-Идризово.
**III Зона** ѓи опфаќа:
-планските опфати дефинирани со Урбанистички планови за село, Урбанистички планови вон населено место и Одлуки за начинот на градење во населени места во Општина Гази Баба, кои немаат урбанистичка документација, за населените места: Брњарци, Црешево, Смилковци, Виниче, Булачани, Раштак, Страчинци.

**10.ДИНАМИКА И МЕРКИ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПОДПРОГРАМАТА**
Динамиката на извршувањето ќе биде определена од приливот на средствата од надоместокот за уредување на градежно земјиште и од други средства и стварни правни, технички и материјални услови.
Опремувањето на земјиштето ќе отпочне, по добивањето на Одобрение за градба на објекти од комунална инфраструктура и воведувањето во владение на земјиштето.
Со цел успешно да се реализира оваа Подпрограма, неопходно е да се спроведат договорните обврски со сопствениците на градежното земјиште, како и обврските од склучениот Договор за вршење стручни и административни работи во уредувањето на градежното земјиште, склучен помеѓу Општина Гази Баба и Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор на РМ.

## V. Ф.Д. ПОДПРОГРАМА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОР ВО РУРАЛНИ ПОДРАЧЈА (капитални трошоци)

## ВОВЕД
Со оваа Подпрограма се уредуваат капиталните расходи за уредување на просторот во руралните подрачја.
Финансирањето на оваа Подпрограма е од неданочни приходи, односно од донации од физички лица и донации од претпријатија.

**П Р И Х О Д И**

| Кат. | Став-ка | Осн. ставка | Подс-тавка | Оддел | Видови на расходи | Износ во денари | Структура % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| | **Вкупни приходи** | | | | | | |
| **74** | **Трансфери и донации** | | | | | | |
| | 744 | Тековни донации | | | | 0 | |
| | | 7441 | Донации од приватни компании | | | | |
| | | | 744111 | Тековни донации од претпријатија | | | |
| | 743 | Капитални донации | | | | | |
| | | 7432 | Капитални донации | | | | |
| | | | 743211 | Капитални донации | | 0 | |

**ТРОШОЦИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПОДПРОГРАМАТА Ф.Д.**

**РАСХОДИ**

| Кат. | Став-ка | Осн. ставка | Подс-тавка | Одде л | Видови на расходи | Износ во денари | Структура % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| | **Вкупни расходи** | | | | | | |
| **48** | **Други градежни објекти** | | | | | | |
| | 482 | Други градежни објекти | | | | | |
| | | 4821 | | | | | |
| | | | 482120 | Изградба на улици, патишта и автопати | | 0 | |
| | | | 482130 | Реконструкција на улици, патишта и автопати | | 0 | |

**11.ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

1. За спроведување на оваа програма надлежен е Градоначалникот на Општина Гази Баба.

2. Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба'', а ќе започне да се применува од 1 јануари 2025 година.

**Број 09-6769/21**
**од 25 декември 2024 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**м-р Сашо Кукески, с.р.**